Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Архивски број: 23-5171/2
Датум: ____.____.2025 година

13 -10- 2025

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: E pranuar: 16 -10- 2025
Орг.Един. Njësia Org.: 49- Број: Numër: 8784 /4

ДО: Здружение Конект Скопје
ул. „Ристо Шишков" бр.12, 1000 Скопје

Предмет: Мислење
Врска: Предлог-Иницијатива на Здружение Конект Скопје

Почитувани,

Во однос на Предлог иницијативата од Здружение Конект за годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, а од аспект на надлежностите на Министерството за финансии, Ве известуваме за следното:

Во Предлог-Иницијативата за годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, во делот А) Измени во процедурата за ослободување на ДДВ при промет согласно ЗДСЈД, од Ваша страна се препорачува поедноставување на постапката за начинот на спроведување на даночното потткинување во насока на примена на постоечкиот систем на генерирање на е-фактура преку онлајн платформа без ДДВ кој е веќе функционален за проектите од странски донатори.

Во однос на предлог мерката, најнапред од аспект на легислатива би сакале да укажеме дека права и обврски се материја која се регулира со Закон, а во конкретниот случај носител на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности со кој се уредуваат поттикнувањата, вклучувајќи ги и даночните поттикнувања од аспект на данокот на додадена вредност е Министерството за правда.

Дополнително, од технички аспект на спроведување на мерката, односно дигитализација и модернизација на самата постапка, а со цел подобрување на ефикасноста како од аспект на органите на државната управа, така и од аспект на даночните обврзници, Министерството за финансии ќе ја разгледа предложената инцијатива заедно со сите инволвирани страни, а пред се со надлежниот даночен орган за спроведување на истата, по што доколку се оцени потребата и можноста за превземање на определени активност истите ќе бидат предложени до Владата на Република Северна Македонија на понатамошно разгледување и одлучување.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Во однос на Предлог-Иницијативата за годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, во делот Б) Промена во Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход каде е наведено дека во образецот „ПДД -ГДП“ даночното ослободување по основ на донирани финансиски средства е прикажано како намалување на даночната основа, а не на годишниот даночен долг и се предлага да се усогласи содржината на споменатиот образец, известуваме дека веќе е постапено по истото. Имено во образецот на „ПДД -ГДП“, а по донесувањето на новиот Закон за данокот на личен доход и во образецот „ДЛД-ГДП“-Годишна даночна пријава за утврдување на данокот на личен доход, полето на кое се прикажува износот на даночното ослободување по основ на донации во висина до 20% од годишниот даночен долг, а најмногу до 24.000 денари е поместено, додека пак на полето за пресметан годишен данок за плаќање се прикажува износот на вкупниот пресметан данок намален за износот на даночното ослободување по основ на донации и износот на намалување на данокот по дуги основи.

Во врска со иницијативата за измени на Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации, со кои се предлага измена на член 44 од Правилникот, а се во насока на допрецизирање на Класа 7, односно сметките од група 73 би се допрецизирале со повеќе подгрупи на сметки, истите ќе бидат разгледани и земени предвид при ревидирање на Законот за сметководство на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/03, 17/11, 154/15 и „Службен весник на Република С. Македонија“ бр.122/21) и предметниот Правилник кој произлегува од Законот.

Со почит,

Министер за финансии

м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Доставено и до Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат

Изготвил: Петар Ропески, Елена Стојмановска Тортевска, Зејније Елмази
Контролирал: Дејан Николовски, Марина Димоска, Марина Станојкова Арсовски, Орнела Трајкоска Пендевска
Одобрил: Иван Недев, Магдалена Симоновска
Проверил: Мелиха Камилова, Марјана Стефановска

Согласен: д-р Андриана Матлиоска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk
MQS